ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Скопје/Shkup

| Примено: / E pranuar: | 07-02-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. / Njësia org. | Број: / Numri: | Прилог: / Shtojce: | Вредност: / Vlera: |
| | | | |

Број: 47-239/1
Датум: 07.02.2023

ДО
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
**Д-р Никола Тупанчески, Министер**
Димитрие Чуповски бр.9,
1000 Скопје

**Предмет:** Барање за потврдување на јавен интерес на донација за Црвен крст на Република Северна Македонија за доделување на финансиска хуманитарна помош на настраданото население во Турција и Сирија за време на катастрофалниот земјотрес кој се случи на 06.02.2023 година

Почитуван г-дин Тупанчески

На иницијатива на Црвениот крст на Република Северна Македонија упатен е јавен апел за изразување на солидарност и обезбедување на хуманитарна помош од страна на оваа хуманитарна организација преку давање помош на настраданото население во Турција и Сирија за време на катастрофалниот земјотрес кој се случи на 06.02.2023 година.

За таа цел, Ве известуваме дека изразуваме интерес за донирање на парични средства во вид на финансиска помош во висина од 100.000,00 денари заради поддршка на Црвениот Крст на Република Северна Македонија во насока на остварување јавен интерес во областа на социо-хуманитарните дејности односно донација за настраданото население во Турција и Сирија за време на катастрофалниот земјотрес.

За таа цел Државниот завод за ревизија бара да го разгледате ова барање и да одлучите за потврда на јавен интерес за горе наведената цел со донесување Решение за потврдување на јавниот интерес на планирана донација за Црвениот крст на Република Северна Македонија, согласно член 21 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15).

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Нацрт - Договор за доделување на средства по основ на донација на Црвен крст на Република Северна Македонија и предлог - решение за исплата на парични средства по основ на донација, кои во случај барањето да биде позитивно решено, ќе бидат склучени односно донесени и спроведени од страна на Државниот завод за ревизија.

Со Почит,

**Главен државен ревизор**

**М-р Максим Ацевски**

**Прилози:**

- Модел на Решение за исплата на парични средства по основ на донација на Црвен крст на Република Северна Македонија
- Нацрт-Договор за за доделување на средства по основ на донација на Црвен крст на Република Северна Македонија за хуманитарна помош на настраданото население во Турција и Сирија зафатено од катастрофален земјотрес

Изработил: м-р Весна Богдановиќ
Контролирал: м-р Александар Поповски